


# Анализа за застапеноста на судир на интереси и корупција во јавната администрација во Општина Свети Николе, при распределба на средствата од општинскиот буџет за здруженија на граѓани и ранливи категории на граѓани







*Документот за јавни политики е подготвен во рамките на проектот „Истражување за застапеноста на судир на интереси и корупција во јавната администрација во Општина Свети Николе, при распределба на средства од општинскиот буџет за здруженија на граѓани и ранливи категории на граѓани“ во реализација на Организација на жените на Општина Свети Николе.*

**Ова истражување е спроведено во рамките на проектот „Граѓанска мрежа за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација“, спроведуван од Институтот за демократија „Societas Civilis“, Скопје (ИДСЦС), Охридскиот институт за економски стратегии и меѓународни односи“ (ОИ) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ), а финансиран од Европската унија. Содржината на оваа студија во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската унија и организациите-партнери (ИДСЦС, ОИ и МИМ).**

**Наслов на публикацијата:** Анализа за застапеноста на судир на интереси и корупција во јавната администрација во Општина Свети Николе, при распределба на средства од општинскиот буџет за здруженија на граѓани и ранливи категории на граѓани

**Издавач:** Организација на жените на Општина Свети Николе, ул.„ Ленинова“ бр. 1, 2220 Свети Николе, e-mail: womsvetinikole@yahoo.com, www.womsvetinikole.org.mk

**Автори:**
* Јасмина Трајчева
* Александра Тодевска
* Фросина Давчева

**Лектор:**
* Елена Тосева

**Дизајн и компјутерска обработка**
* Јасмина Трајчева

**Печати:**
*„БУБАМАРА – ХИТ“ ДООЕЛ, Свети Николе

**Тираж:**
* 35 примероци

**Свети Николе, Октомври, 2014**

# Вовед

Документот за јавни политики ги содржи резултатите добиени од истражувачкиот проект *„Истражување за застапеноста на судир на интереси и корупција во јавната администрација во Општина Свети Николе, при распределба на средствата од општинскиот буџет за здруженија на граѓани и ранливи категории на граѓани“ во реализација на Организација на жените на Општина Свети Николе, а кој е дел од проектот* „Граѓанска мрежа за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација“, спроведуван од Институтот за демократија „Societas Civilis“ Скопје (ИДСЦС), Охридскиот институт за економски стратегии и меѓународни односи“ (ОИ) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ), а финансиран од Европската унија.

Организацијата на жените на Општина Свети Николе пред реализацијата на истражувањето, како проблем го идентификува немањето на доволно достапни информации за прибирање и трошење на средствата од општинскиот буџет, особено за распределба на средствата за невладини организации и ранливи категории на граѓани. Локалната самоуправа на Општина Свети Николе настојува да биде транспарентна во својата работа објавувајќи информации преку нејзината веб - страница, локалните медиуми, брошури и сл., но, сепак, информациите кои ги добиваат граѓаните најчесто се за постигнатите позитивни резултати, но не и за конфликти на интереси и корупција во јавната администрација при трошењето на парите на граѓаните.

Целта на оваа анализа е да се даде јасна слика за состојбите во делот на појавите на судир на интереси и корупција во јавната администрација на локално ниво и нивото на транспарентност при распределба на средствата од општинскиот буџет за здруженијата на граѓани и ранливата категорија на граѓани.

Овој документ дава појасна слика за распределба на општинските пари до локалните здруженија на граѓани и ранливите категории на граѓани, за соработката и поддршката во заеднички иницијативи и активности, како и за позитивните но и негативните практики.

## Методологија:

Истражувачкиот тим од Организацијата на жените на Општина Свети Николе во периодот август – октомври 2014 година, спроведе истражувачки активности преку кои дојде до подетални податоци и информации за распределбата на финансиските средства од буџетот на Општина Свети Николе, наменети за локалните здруженија на граѓани и ранливите категории на граѓани за период од 2010 до 2013 година.



Истражувачкиот проект беше структуриран во два дела:

- **Деск истражување:**

Преку овој начин на истражување се добија податоци кои се достапни во електронска или печатена форма, а се одлуки на Советот на Општина Свети Николе за доделување на горespоменатите средства (буџет и завршни сметки, како и ребаланси на буџетите за 2010, 2011, 2012 и 2013 година). Исто така, преку ова истражување се добија и информации за тоа кои здруженија на граѓани се регистрирани и активни на територијата на Општина Свети Николе.

- **Анкетно истражување**

На почетокот се направи анкетно истражување со одговорни лица од Општина Свети Николе, односно со секретарот на Општината и со одговорните лица во Одделението за финансии и буџет при Општина кои, всушност, беа одредени како контакт лица за потребите на истражувачкиот проект. Истражувањето се реализираше врз основа на претходно изготвен анкетен прашалник, а преку директни контакти и комуникација преку електронска пошта со одговорните лица задолжени за доставување на потребните

информации и потполнување на прашалникот.
Целта на ова истражување беше да се соберат потребните релевантни податоци за распределба на финансиски средства од општинскиот буџет за периодот 2010-2013 година, доделени на локални здруженија на граѓани и ранливи категории на граѓани.
Анкетното истражување, исто така, се реализираше со претставници од активни локални здруженија на граѓани. Откако претходно се направи дата база од активни здруженија на граѓани кои дејствуваат на територијата на Општина Свети Николе, се пристапи кон анкетно истражување на истите. Истражувањето беше реализирано преку директни контакти и електронска пошта во зависност од можноста на претставниците на здруженијата на граѓани кои го потполнија анкетниот прашалник. Анкетното истражување имаше за цел да се добијат податоци за информираноста на локалните здруженија околу распределбата на општинските средства за нивни активности, како и за соработката со локалната самоуправа и меѓусебно помеѓу здруженијата. Со истражувањето беа опфатени 23 здруженија на граѓани.

- **Фокус групи**

Покрај анкетното истражување со истата целна група беа реализирани две фокус- групи:

- Првата фокус група беше реализирана со претставници од 8 здруженија на граѓани и двајца претставници од локалната самоуправа.

- Втората фокус група беше составена од ранливи категории на граѓани кои добиле или биле одбиени за финансиска поддршка од страна на Општината, а сè со цел да се согледа состојбата и распределбата на финансиската поддршка од општинскиот буџет за оваа категорија на граѓани.

# Каде се парите на здруженијата и социјално-ранливите категории на граѓани?

## 1. Здруженијата на граѓани за финансиите од општинскиот буџет наменети за нив

**Цел на анкетното истражување** реализирано во рамките на истражувачкиот проект е да се добијат посеопфатни податоци за информираноста, процедурата и доделувањето на средства од општинскиот буџет за поддршка на активности на локални здруженијата на граѓани. Истражувањето се спроведе во текот на месец септември 2014 година и со него, од една страна, беа опфатени 23 претставници на активни здруженија на граѓани од Општина Свети Николе кои го потполнија анкетниот прашалник и, од друга страна, лицата од Одделението за даноци и буџет при локалната самоуправа Свети Николе, кои го потполнија прашалникот за споредбена анализа на информации во однос на двете ставки од буџетот кои се цел на истражувањето. Прашалникот за здруженија на граѓани се состоеше од 14 прашања, а прашалникот за претставниците на Одделението за даноци и буџет Свети Николе се состоеше од 17 затворени и отворени прашања.



Во прилог следуваат податоци за секое прашање поодделно и анализа на анкетното истражување спроведено на здруженијата на граѓани.

**Прашање бр. 1: Дали сте информирани дека локалната самоуправа на Општина Свети Николе издвојува финансиски средства од својот буџет за поддршка на локални здруженија на граѓани?**




Од 23 анкетирани здруженија на граѓани 15 од нив се информирани дека локалната самоуправа издвојува финансиски средства од својот буџет за поддршка на здруженијата на граѓани, а останатите 8 здруженија воопшто не се информирани, иако голем дел од нив долг период дејствуваат на територијата на Општина Свети Николе.

**Прашање бр.2: На кој начин сте се информирале дека се доделуваат финансиски средства од општинскиот буџет за локални здруженија на граѓани?**

Од 15 здруженија на граѓани кои се информирани дека постои ставка во општинскиот буџет наменета за нив, 7 здруженија информациите ги добиваат преку следење на јавни конкурси, 5 здруженија директно од лице од Општината, а само 3 здруженија се информираа преку Интернет, односно преку веб-страницата на Општината.



**Прашање бр. 3: Дали сметате дека Општината издвојува доволно средства од својот буџет за поддршка на локалните здруженија на граѓани?**




Од 15 здруженија на граѓани кои се информирани дека постои ставка во општинскиот буџет наменета за нив, 10 здруженија сметаат дека не се издвојуваат доволно средства од општинскиот буџет за поддршка на локалните здруженија на граѓани, а 5 од нив сметаат дека од општинскиот буџет се издвојуваат доволно финансиски средства за оваа ставка.

**Прашање бр. 4: Дали досега сте конкурирале за добивање на финансиски средства од општинскиот буџет за поддршка на локалните здруженија на граѓани?**

Од 23 анкетирани здруженија на граѓани 17 од нив во изминатите 4 години конкурирале за добивање на финансиски средства од општинскиот буџет наменети за здруженија на граѓани а 6 здруженија воопшто не конкурирале.



**Прашање бр. 5: Колку пати сте конкурирале за добивање на финансиски средства од општинскиот буџет во изминатите 4 години?**




Од 17 здруженија на граѓани кои конкурирале, 3 здруженија конкурирале еднаш, 3 здруженија конкурирале двапати, 6 здруженија конкурирале трипати и 5 здруженија конкурирале четири пати во изминати те 4 години.

**Прашање бр. 6: Колку пати сте добиле финансиски средства од општинскиот буџет за поддршка на локалните здруженија на граѓани во изминатите 4 години?**




Од 17 здруженија на граѓани кои конкурирале, 10 здруженија добиле финансиска поддршка, а 7 не добиле. Од 10 здруженија на граѓани кои добиле финансиска поддршка 6 здруженија добиле еднаш, 2 здруженија двапати, 1 здружение добило трипати и 1 здружение добило четири пати.

**Прашање бр. 7: Дали како примател на финансиски средства од општинскиот буџет имате обврска да доставите периодични или завршни наративни и финансиски извештаи за реализираните активности и потрошените средства?**

Од 10 здруженија на граѓани кои добиле финансиска поддршка 9 од нив се изјасниле дека треба да достават финансиски и наративни извештаи, а едно здружение на граѓани се изјаснило дека не треба да достави извештаи.




**Прашање бр. 8: Која е причината што не сте конкурирале?**

- Најчести причини поради кои здруженијата на граѓани не конкурирале се: неинформираноста за таквата можност, ненавремено, нецелосно или воопшто неисплаќање на одобрените финансиски средства, начинот на доделување на општинските средства насочени кон организации приклонети кон владејачката гарнитура или новоформирани „инстант“ организации и др.

**Прашање бр. 9: Дали сметате дека начинот и процедурата на доделување на финансиски средства од општинскиот буџет за поддршка на локалните здруженија на граѓани е транспарентен и според пропишани критериуми?**




9 од испитаниците сметаат дека начинот и процедурата на доделување на средства од општинскиот буџет за поддршка на невладините организации е транспарентен и според пропишани критериуми, 7 испитаници сметаат дека не е транспарентен и 7 од нив се изјасниле дека не се запознаени со никакви процедури и критериуми.

**Прашање бр. 10: По Ваше мислење, дали сметате дека Општината ги избира најдобрите предлог -проекти?**

Дури 16 од испитаниците немаат информација и не се запознаени дали општините ги избираат најдобрите предлог-проекти, а како причина за тоа најчесто се наведува дека немаат увид во поднесените и одобрените предлог- проекти, 6 испитаници се изјасниле дека не се избираат најдобрите предлог- проекти и 1 испитаник изјавил дека се избираат најдобрите предлог-проекти.



**Прашање бр. 11: Буџетот за 2013 година за здруженијата на граѓани изнесува 340.000 денари. Дали сметате дека тоа е доволно или има потреба за доделување на повеќе средства?**




Најголем дел од анкетираните граѓани сметаат дека средствата кои се одделуваат за ставката трансфери до здруженијата на граѓани воопшто не се доволни за нивна поддршка и имаат потреба од доделување на повеќе средства.

**Прашање бр. 12: Според Вас, кои три области се приоритетни за финансирање на успешна работа на Вашето здружение на граѓани?**

- Како главни приоритети за поддршка на локалните здруженија на граѓани, анкетираните здруженија на граѓани ги издвоија: бесплатен простор за користење, заедничка зграда за сите здруженија, логистичка поддршка, економско јакнење на жените, култура, рурален развој, туризам итн.

**Прашање бр. 13: Во која мера сметате дека Општината соработува со невладиниот сектор?**

Дури 17 од испитаните здруженија на граѓани сметаат дека соработката со локалната самоуправа е мала или воопшто ја нема, 5 здруженија се изјасниле дека соработката е доволна, додека само едно здружение на граѓани се изјаснило дека има одлична соработка со Општината.




**Прашање бр. 14: Дали досега имате побарано и остварено каква било соработка со Општина Свети Николе за некоја Ваша активност?**




16 од здруженијата на граѓани имаат побарано каква било поддршка од општината (материјална, логистичка, финансиска итн.) и најчесто соработката била остварена, а се состоела со отстапување на возило за користење, автобус, доделување на простор за користење за одредена активност, акции за време на елементарни непогоди и финансирање на некоја конкретна ad hok проектна активност.

Во продолжение следуваат резултатите добиени со **анкетното истражување реализирано на лицата од Одделението за даноци и буџет при локалната самоуправа на Свети Николе**.

Општина Свети Николе секоја година издвојува финансиски средства за поддршка на локални здруженија на граѓани и ранливи категории на граѓани, а висината на истите варира во зависност од расположливите средства во буџетот, но најчесто тоа изнесува 0,2% за здруженија на граѓани од вкупниот годишен буџет на Општината и 0,15% за ранливи категории на граѓани. Според Општината тие во целост ги исплаќаат одобрените финансиски средства до крајот на тековната година. Средствата за здруженија на граѓани се доделуваат преку јавен конкурс и по дефинирани критериуми за кои е задолжена Комисијата за финансии и буџет при Советот на Општината. Здруженијата на граѓани кои добиваат средства од Општината имаат обврска да достават Извештај, но на прашањето „Како Општината има увид во реализираните доделени средства и финансирани активности?" нема никаков одговор.

Во однос на средствата наменети за ранливи категории на граѓани, тие се доделуваат врз основа на Одлука донесена од Советот на Општина Свети Николе (бр.0701-688 од 31/10/2008г.)

Општината има организации со кои има постојана соработка, но тоа е на ниво на заеднички активности или учество на активности организирани од некое здружение на граѓани а не на ниво на постојана финансиска поддршка.

Во рамките на Општината не постои одделение, сектор или лице за соработка со локалните здруженија на граѓани. Општината нема приоритетни теми на дејствување и за чии активности одобрува финансиски средства иако има изработени и усвоени општински развојни стратегии.

## 2. Претставници од здруженијата на граѓани и претставници од локалната самоуправа на една маса



**Целта на фокус групата со претставници од невладините организации и претставници од локалната самоуправа** е да се испита колку од организациите во Општина Свети Николе се информирани и запознаени со распределбата на финансиски средства достапни за нив. Фокус групата беше составена од 8 претставници на здруженија на граѓани и 2 претставника од локалната самоуправа Свети Николе. Здруженијата беа селектирани врз основа на тоа кои еднаш или повеќе пати добиле средства од општинскиот буџет, здруженија кои аплицирале, а не добиле и здруженија кои воопшто не се информирани дека постои можност за нивно финансирање од општинскиот буџет. Претставниците од локалната самоуправа беа директно делегирани од нивна страна.

Текот на фокус-групата беше концепиран во три дела, односно соработка, процес на аплицирање и финансии. Најголем дел од фокус-групата се фокусираше на делот за соработка т.е. несоработка помеѓу самите здруженија на граѓани во општината но и помеѓу здруженијата и локалната самоуправа, каде присутните истакнаа дека речиси и да не постои никаква меѓусебна соработка и соработка со локалната самоуправа. Како најчести проблеми беа наведени: слабата комуникација, нетранспарентноста, затвореноста на градоначалникот за соработка, односно за остварување на средби иницирани од претставници на здруженијата на граѓани, слабата комуникација помеѓу вработените во локалната самоуправа во делот за здруженијата на граѓани и недостигот од

проток на информации, недостигот од делегирање на одговорности во локалната самоуправа па за секаков проблем, прашање или информација најчесто е потребен директен контакт со градоначалникот кој, всушност, и тешко се остварува. Исто така, никој од присутните не сподели искуство дека некогаш бил повикан од локалната самоуправа за остварување на каква било соработка, во рамките на локалната самоуправа не постои лице назначено за комуникација со локалните здруженија на граѓани, не постои база на формирани, активни и неактивни или затворени здруженија на граѓани, не постои алатка ниту, пак, некој досега иницирал прашање за групирање на невладиниот сектор во Општина Свети Николе, со цел подобра меѓусебна соработка итн. Од 8 организации чии претставници учествуваа во фокус групата, само две организации имаат добиено бесплатни простории за користење. Една од организациите истакна дека без никакво образложение и причина во изминатата година има прекин во соработката со локалната самоуправа, односно со доаѓањето на актуелниот градоначалник, додека претходно во мандатите на сите претходни градоначалници имале одлична соработка со локалната самоуправа. Исто така, споделено е лично искуство кога со предлог-проект е понудено на локалната самоуправа да се аплицира за изградба на зграда која ќе им служи на сите локални невладини организации, но соработката е одбиена со изговор дека немаат намера да поддржуваат „богатење на поединци од невладини организации“, меѓутоа во тој период со Општината раководел претходниот градоначалник итн. Во делот од прашањата за начинот на информирање и процесот на аплицирање за добивање средства од буџетот на Општината како резултати произлегоа дека:

* најголем дел од учесниците се изјаснија дека воопшто не се информирани за ваква можност;
* информациите за аплицирање најчесто се добиваат од компетентни лица во Општината;
* иако информацијата се објавува јавно во медиумите или на интернет-страниците таа или не е достапна за повеќето здруженија на граѓани или се објавува 2-3 дена пред завршување на рокот за аплицирање;
* никој не е запознаен со критериумите за доделување средства, како и со тоа дали воопшто постои комисија за доделување средства и кое лице всушност е одговорно за целиот процес;

* Здруженијата на граѓани кои се информирани за можноста за користење средства од општинскиот буџет, сметаат дека најчесто тие средства ги добиваат организациите кои се блиски до локалната власт и најчесто тоа се организации без никакви активности туку се формираат по повик, ги добиваат средствата и после таквите организации згаснуваат. Всушност, никој од присутните не смета дека целиот тој процес е транспарентен и коректен.

Кога станува збор за делот на финансиите, односно реализирање на одобрените средства од општинскиот буџет, организациите кои имаа добиено средства имаат потешкотии во исплаќањето на истите. Средствата, најчесто не се исплаќаат навреме, не се исплаќаат во износ којшто е одобрен или не ретко и воопшто не се исплаќаат. На пример, дел од организациите и покрај тоа што имаа добиено средства, односно ги има во „Службен весник на РМ“ како добитници, сè уште немаат исплатени средства за 2014 година со објаснување дека во моментот Општината нема пари и не може да врши каква било исплата, што важи и за изминатите години кои беа предмет на ова истражување.

## 3. Ранливите категории на граѓани за финансиите од општинскиот буџет наменети за нив



Целта на фокус групата со ранливата категорија на граѓани е да се испита колку од граѓаните во Општина Свети Николе се информирани и запознаени со распределбата на финансиски средства од буџетот на Општината наменети за нив. Фокус групата беше составена од 7 лица од кои 3 добиле средства од општинскиот буџет, а 4 лица кои аплицирале не добиле поддршка од општинскиот буџет.

Текот на фокус групата, исто така, беше во насока на информираноста, начинот на аплицирање и одобрување на финансиски средства, како и исплаќање на одобрените средства. Во

однос на тоа дали се информирани и на кој начин се информирале за можноста за доделување еднократна или повеќекратна парична помош од општинскиот буџет, учесниците во групата се изјаснија дека најчесто се информирани преку вработените во општинската администрација или од луѓе кои веќе користеле таква помош, додека никаде на друго место нема објавено каква била информација во врска со исплаќање средства на ранливи категории на граѓани. А Интернетот многу малку го користат како алатка за информирање или комуницирање пред сè, поради тешката финансиска состојба во која се наоѓаат и немањето услови и можности да го користат истиот.

Учесниците, најчесто, за добивање на финансиска помош од Општината се обраќаат лично до градоначалникот на Општината, поднесуваат барање за еднократна помош, најчесто после приемот кај градоначалникот по негова препорака. Во сите случаи, лицата лично, самоиницијативно одат да бараат помош. Лицата кои добиле помош сметаат дека процесот е транспарентен, додека оние што не добиле помош сметаат дека не е транспарентен.

Во делот од прашањата за начинот и критериумите за аплицирање и висината на средствата од општинскиот буџет издвоени за ранливата категорија на граѓани и исплатата на одобрените средства, учесниците истакнаа дека:

* воопшто не се информирани за висината на средствата со кои располага Општината за ваква категорија на граѓани;
* не се запознаени со условите кои треба да ги исполнуваат за да аплицираат за помош од Општината;
*никој не им ги кажал ниту, пак, некаде се сретнале со критериумите кои треба да ги исполнат за да добијат финансиски средства;
*процедурата за одобрување и самото префрлање на средствата до корисникот е многу долга итн.

Учесниците во групата изјавија дека нема конкретно лице до кое ги поднесуваат барањата за добивање на еднократна или повеќекратна помош од општинскиот буџет, што е дополнителен проблем. Најчесто барањето го потполнуваат и го доставуваат до секретарката на градоначалникот, неретко и по повеќе пати, а на одговор чекаат минимум од три до пет месеци. Одговор на тоа дали им

се доделени или, пак, не им се доделени финансиски средства добиваат најчесто телефонски од лице вработено во Општината, а висината на средствата кои Општината им ги доделува на ранливите категории на граѓани најчесто изнесува од 3.000 до 6.000 денари и истата се исплаќа најмногу еднаш во една година.

## 4. Дали Општината е транспарентна, а граѓаните задоволни?

Од податоците добиени со реализираните истражувања е видливо дека Општината годишно буџетира финансиски средства во ставката трансфер до невладини организации и ставката за ранливи категории на граѓани од општинскиот буџет во висина од 0,15% до 0,2% од вкупниот годишен буџет на Општината. Издвоените средства се многу малку и иако малку, сепак, постои разлика помеѓу планираните средства и реалните трансфери до здруженијата. Ова донекаде значи дека Општината или не им верува доволно на здруженијата на граѓани или нема интерес да работи со нив бидејќи и покрај тоа што буџетската ставка е минимална, сепак, и кога има потреба од ребаланс, пак, се крати од




оваа ставка. И, од друга страна, интересот на Општината за соработка со здруженијата околу важни прашања, кои се однесуваат на подобрување на условите за живот во Општината, сè уште не е на задоволително ниво и здруженијата не се категоризираат како значајни актери и долгорочни партнери во процесот на развојот на заедницата од страна на локалната самоуправа. Здруженијата сметаат дека само може да бидат продолжена рака на институциите и заеднички да постигнат многу. Голем број од членовите располагаат со знаења, искуства и експертиза, но, за жал, не се во целост или воопшто не се искористени од страна на локалните власти во сектори и

одделенија каде што има потреба од такви луѓе, односно локалната самоуправа не ги користи ресурсите на здруженијата.

Исто така, може да се забележи дека со исклучок на две здруженија кои добиле грантови над 100.000,00 денари, останатите здруженија добиваат мали грантови во висина од 10.000,00 до 40.000,00 МКД. Ова е показател дека Општината доделува средства за поддршка на здруженијата за краткорочни активности или поддршка за одреден настан или акција и немаат стратешка определба за долгорочна соработка. Во однос на процедурите и воспоставените механизми врз основа на кои се доделува финансиската поддршка на здруженијата од општинскиот буџет, Општината ги распределува средствата преку јавен конкурс и има Комисија за финансии и буџет при Советот на Општината која е задолжена за оценување на пристигнатите апликации или барања за поддршка на здруженијата на граѓани. Но здруженијата на граѓани не се доволно и навремено информирани како и кога да аплицираат за општинските средства, како и не се запознаени со критериумите кои треба да ги исполнуваат за да аплицираат на повикот. Со овој податок е очигледно дека распределбата на средствата, генерално, е нетранспарентна и за сите организации не важат истите критериуми. При целото истражување и изработката на анализата евидентно е немањето никаква или многу мала соработка, воопшто, меѓу граѓанскиот сектор во Општина Свети Николе, од една страна, и многу минималната соработка помеѓу граѓанскиот сектор и Општина Свети Николе, од друга страна. Тука е проблемот на немање доволно информации во однос на граѓанскиот сектор кој функционира во Општината, немањето здрави темели за комуникација, но и услови за истата, како и немањето на лице од Општината кое би било задолжено за сè во врска со локалниот граѓански сектор. Здруженијата сметаат дека Општината не е заинтересирана за остварување на долгорочна, ефективна соработка со граѓанскиот сектор и затоа буџетската ставка е многу мала а комуникацијата е на ниско ниво. Нетранспарентното трошење на општинските пари може да се окарактеризира и во доделувањето на финансиски средства на „инстант“-штотуку формирани организации кои егзистираат само во периодот на мандатот на градоначалникот кој им е наклонет и потоа ги снемува.




# ПРЕПОРАКИ ОД ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ ДО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

- ✓ Локалната самоуправа да изготви дата-база на активни здруженија на граѓани кои дејствуваат на територијата на Општина Свети Николе;
- ✓ Да се постават точно дефинирани и прецизирани критериуми за аплицирање за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и ранливи категории на граѓани, кои транспарентно и навремено ќе бидат објавени на видливи и достапни места или медиуми;
- ✓ Да се одредат годишни приоритети и насоки за развој на Општината кои ќе бидат еден од критериумите за аплицирање за финансиски средства од буџетот на Општина Свети Николе или приоритетите да бидат издвоени од веќе постојните локални стратегии за развој на Општината, а притоа да бидат консултирани здруженијата на граѓани;
- ✓ Да се назначи лице од локалната самоуправа кое ќе биде одговорно за комуникација и координација со граѓанскиот сектор од Општина Свети Николе;
- ✓ Да се воведе минимум еднаш годишно, но по потреба и периодично или повеќе пати во годината состанок или работни средби помеѓу градоначалникот и неговиот тим и претставници на здруженијата на граѓани од Општина Свети Николе, а со цел да се согледаат актуелните потреби и проблеми во Општината и да се изнајдат начини за нивно подобрување или надминување;
- ✓ Да се изнајде некоја соодветна алатка за полесна комуникација меѓу здруженијата и Општината, каде ќе се групираат сите активни здруженија на граѓани од Свети Николе, ќе се споделуваат искуства, повици за проекти, можности за соработка и партнерство итн., а сѐ со цел да се зајакне соработката и да се подобри функцијата на граѓанскиот сектор од Општината;

- Да се издвојат повеќе средства во ставката трансфер до здруженијата на граѓани, а не со ребаланс да се пренаменуваат средствата од оваа ставка за други ставки;
- При оценување на пристигнатите апликации за финансиска помош од општинскиот буџет покрај Комисијата за финансии и буџет при Советот на Општината да се вклучи најмалку еден надворешен член по можност од некое здружение на граѓани.




## ПРЕПОРАКИ ОД РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ ДО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

- Да се дефинираат точни критериуми за кои ранливи категории на граѓани ќе се доделува еднократна или повеќекратна помош.
- Да се скрати процедурата за одговор на поднесените барања за помош од општинскиот буџет и да се ограничи на најмногу 15 дена од поднесување на барањето.
- Да се формира комисија за оценување и доделување на средства наменети за ранливите категории на граѓани.
- Комисијата да ги посетува лицата кои поднеле пријава и да направи процена дали треба или не треба да им се доделат финансиски средства и доколку имаат потреба да се одреди висината на средствата.



# ЗАКЛУЧОК

Општина Свети Николе е мала општина, па од тие причини и располага со недоволен годишен општински буџет. Но и покрај тоа, Општината се труди да биде транспарентна, отворена и достапна за сите граѓани. Во рамките на годишниот општински буџет има издвоено ставки за трансфер на средства до невладини организации и социјални трансфери наменети за ранливите категории на граѓани. Од завршните сметки на локалната самоуправа се гледа колку од ставката било потрошено - споредено со првично планираното, во апсолутни бројки, но отсуствува информацијата на кого, колку, како и за кои активности се доделени средствата.

Во однос на соработката помеѓу здруженијата на граѓани и локалната самоуправа, реално никое од здруженијата на граѓани нема побарано долгорочна соработка со локалната самоуправа, кое, пред сè, се должи на немањето лице за контакт со здруженијата на граѓани и трошењето време и ресурси за да се оствари средба со градоначалникот кој е задолжен за сите одобрувања.

Според резултатите од истражувањето како неопходна се наметна потребата повеќе пати во годината или периодично да има средби со градоначалникот и претставници на здруженијата на граѓани од Општина Свети Николе, со цел да се согледаат актуелните потреби и проблеми во Општината и да се изнајдат начини за нивно подобрување. На тој начин ќе се подобри комуникацијата меѓу здруженијата и Општината, ќе се споделуваат искуства, повици за проекти, можности за соработка и партнерство итн. Со заедничка соработка со здруженијата на граѓани ќе се влијае на подобрување на положбата на ранливите категории на граѓани во Општината.

# СОДРЖИНА

Вовед_______________________________________________________________3

Методологија________________________________________________________4

Каде се парите на здруженијата и социјално-ранливите категории на граѓани?_____________6

Здруженијата на граѓани за финансиите од општинскиот буџет наменети за нив___________6

Претставници од здруженијата на граѓани и претставници од локалната самоуправа на
една маса__________________________________________________________15

Ранливите категории на граѓани за финансиите од општинскиот буџет наменети за нив_____17

Дали Општината е транспарентна, а граѓаните задоволни?_______________________________19

Препораки од здруженијата на граѓани до локалната самоуправа_________________________21

Препораки од ранливите категории на граѓани до локалната самоуправа___________________22

Заклучок____________________________________________________________23

Граѓанска мрежа за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Организација на жените на

општина Свети Николе

адреса: Ленинова бр.1, 2220 Свети Николе

e-mail: womsvetinikole@yahoo.com

www.womsvetinikole.org.mk


ANALYSIS





